МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЕДУКАЦИЈА ПО ПЕДИЈАТРИЈА




***БОЛНИЦА ТОКУДА СОФИЈА – КЛИНИКА ЗА ПЕДИЈАТРИЈА***
***( обуката траеше од 26.10.2015 до 06.11.2015 год.)***

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ СТРУГА

*Др. Божана Велкоска – специјалист по школска медицина и*
*Др. Александар Филипов*

*Датум на презентација: 10.11.2015*

www.moh.gov.mk

# *Проблематика во педијатријата*

За време на две неделниот престој на детската клиника во болницата Токуда бевме запознаени со начинот на работа во педијајатриското одделение.

Секое утро присуствувавме на утринсаката визита при што се запознавме со различна детска патологија. Како и кај нас и кај нив најчеста патологија беа респираторните болести: Laryngitis ac., Bronchitis acuta obstructiva. Имаше и два случаи на деца со сегментна пнеумониа кои беа третирани со антибиотици од широк спектар.

Имаше и случаи на деца со проксимални уринарни инфекции – Pyelonephritis Acuta

Презентација на случај:

Девојче на 4 годишна возраст. Примено заради слабокрвност и крварење од аналниот отвор. При направеното ректално туше се појави крв и се постави сомнение за ректален полип. Се направи ректоскопија при која се дијагностицира истиот а истовремено се изврши и негова екстирпација. Тоа го направи педијатар, гастроентеролог.

По завршувањето на визитата слегувавме во педијатриските амбуланти, кои се наоѓаа на приземјето од болницата. Функционираа три амбуланти. Во нив се вршеа прегледи на деца со најразлична патологија. Секој од педијатрите, без разлика на субспецијалноста работеа ехо дијагностика, во која не вклучија и нас.

Она што најмногу ни остави впечаток е поврзноста на амбулантите со лабораторија и рентген дијагностиката. Секој доктор најдоцна еден саат по испраќањето, резултатите можеше да ги види на својот компјутер.



